MQS
Бр./Nr 09-3869/5
24-02-2021
г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 а во врска со член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по сопствена иницијатива на 46 – та седница, прво продолжение, одржана на ден 19.02.2020 година донесе

**ОДЛУКА**

Во постапка иницирана по службена должност, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека службеното лице -------, министер за --------- во Владата на РСМ, во законски предвидениот рок по изборот на функцијата не поднел анкетен лист и изјава за интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, спротивно од член 82 став 1 од Законот за спречување корупција и судир на интереси.

Државната комисија согласно своите законски надлежности предвидени во член 109 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, поведе прекршочна постапка против лицето ----, министер за --------во Владата на РСМ, по што во законски предвидениот рок истата ја плати глобата.

Постапувањето по предметот со број 09-3869/1 од 11.11.2020 година се **ЗАПИРА** и истиот да се затвори и архивира.

**Образложение**

Предметот со број 09-3869/1 од 11.11.2020 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси.

Државната комисија по извршен увид во својата евиденција, констатира дека лицето -------, министер за -------- во Владата на РСМ е избрана на функцијата која ја врши од 30.08.2020 година, по што не ја исполнила законската обврска предвидена во член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Член 82

(1) *Избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, заменициte на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето назначувањето, односно вработувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето поднесува изјава за имотна состојба и интереси.*

По вака констатираната фактичка состојба, Државната комисија до лицето -------- достави прекршочен платен налог со известување за сторениот прекршок, дека е должна да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог и да достави доказ за извршената уплата до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Во законски предвидениот рок, службеното лице -------- постапи по барањето на Државната комисија, но не достави доказ до Државната комисија за извршена уплата. Државната комисија направи увид во сопствената евиденција и утврди дека е извршена уплата на глобата. Службеното лице --------- достави анкетен лист и изјава за интереси.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З, советник
Одобрил: К.Н, член на ДКСК